превземено од w w w . p r a v o . o r g . m k

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Службен весник на РМ, бр. 89 од 18.07.2008 година

**Член 1**

Во Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" број 39/2006),насловот на Главата XII "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

**Член 2**

Во членот 66 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 1.300 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член. "

Ставот 3 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од една до пет години. "

Ставот 4 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години."

Ставот 5 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. "

Ставот 6 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. "

**Член 3**

Во членот 67 став 1 воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.500 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 600 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член. "

Ставот 3 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од една до три години. "

Ставот 4 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до три години. "

Ставот 5 се менува и гласи:

"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. "
Ставот 6 се менува и гласи:
"За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. "

**Член 4**

По членот 67се додава нов член 67-а, кој гласи:

**"Член 67-а**

Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон води надлежниот суд .
Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци предвидени со овој закон, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство води постапка за порамнување и посредување согласно со Законот за прекршоците. "

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".